Општина Гевгелија

**Извештај**

**за работата на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија**

**во 2022 година**

**Изготвувач**: Службеник за млади, Петар Јанчев

.

јануари, 2023 година

Гевгелија

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**бр. 08-108/1**
**18.01.2023 год.**
**Гевгелија**

# И З В Е Ш Т А Ј
## за работата на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија во 2022 година

Согласно Законот за младинско учество и младински политики, Општина Гевгелија формираше Локален младински совет (*во понатамошниот текст ЛМС на ОГ*). Мандати на членовите беа верицирани со Решение донесено од Совет на Општина Гевгелија бр. 09-2031/1 од 30.09.2022 година, а врз основа на Одлуката на Локалното собрание на млади на Општина Гевгелија (*во понатамошниот текст ЛСМ на ОГ*) за избор на членови во Локален младински совет на Општина Гевгелија бр. 08-1936/1 од 16.09.2022 година.

<u>1. ПОСТАПКА ЗА ФОРМИРАЊЕ ЛМС НА ОГ</u>

За формирање на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија, Локалното собрание на млади на Општина Гевгелија, согласно насоките во Прирачникот за локални младински совети, распиша Јавен повик за избор на членови во Локален младински совет со број 08-1530/1 од 24.06.2022 година. Истиот беше објавен на официјалните веб и Фејсбук-страница на Општина Гевгелија. Во рокот за доставување апликации до 8 јули, пристигна само една апликација од Здружението на пчелари „Апитоксин"- Гевгелија со номинирано лице за член во ЛМС на ОГ, Кристијан Алчинов.

Поради недоволниот број апликации, ЛСМ на ОГ го продолжи Јавниот повик од 8 до 18 јули, 2022 година со бр. 08-1530/3. Во продолжениот рок пристигнаа уште 5 апликации од разни облици на организации кои работат со млади и тоа од:

- Атлетски клуб „7 Ноември"- Гевгелија со номинирано лице Атанас Епов;
- ОО Црвен крст- Гевгелија со номинирано лице Памела Петровска;
- УМС при ОК ВМРО-ДПМНЕ Гевгелија со номинирано лице Георги Петков;
- Центар за едукација, култура и активизам „Мултус"- Гевгелија со номинирано лице Тијана Ристовска и
- Регионален центар за одржлив развој- Гевгелија со номинирано лице Благоја Панов.

По разгледувањето на апликациите и излагањето на номинираните лица за членови во Локален младински совет, на третата седница на ЛСМ на ОГ, делегатите донесоа Одлука членови во ЛМС на ОГ да бидат: Памела Петровска, Тијана

Ристовска, Кристијан Алчинов, Георги Петков и Атанас Епов. По изборот, ЛМС на ОГ ја достави Одлуката до Советот на Општина Гевгелија за верификација на нивните мандати.

Советот на Општина Гевгелија, на 15 седница, одржана на 30 септември, 2022 година, со Решение бр. 09-2031/1 им ги верифицираше мандатите на избраните членови во ЛМС на ОГ со времетраење на мандатот од 2 години.

## 2. ОДРЖАНИ СЕДНИЦИ НА ЛМС НА ОГ

Во периодот од конституирањето до крајот на 2022 година, Локалниот младински совет има одржано 4 седници. Записниците од одржаните седници на ЛМС на ОГ се објавени на веб-страницата на ОГ.

### 2.1 КОНСТИТУТИВНА СЕДНИЦА НА ЛМС НА ОГ

По верификацијата на мандатите на петте члена, ЛМС на ОГ ја одржа конститутивната седница на 14.10.2022 година. На седницата од страна на службеникот за млади им беа врачени Решенијата за верификација на нивните млади. Согласно насоките во Прирачникот за работа на Локалните младински совети, на оваа седница на дневен ред беше избор на претседател и заменик- претседател. По пат на јавно гласање, за претседател на ЛМС на ОГ беше избран Кристијан Алчинов, а за заменик-претседателка Тијана Ристовска. Исто така, на оваа седница членовите го усвоија и Деловникот за работа на ЛМС на ОГ бр. 08-2218/1.

### 2.2. ВТОРА СЕДНИЦА НА ЛМС НА ОГ

ЛМС на ОГ ја одржа својата втора седница на 22.10.2022 година. На оваа седница, ЛМС донесе одлука за изработка на Програма за работа во 2023 година. Во процесот на изработката на Програмата на ЛМС на ОГ за работа во 2023 година, покрај членовите на ЛМС, учествуваа и членови на ЛСМ на ОГ. Во подготовката на Предлог-Програмата учествуваше и службеникот за млади.

### 2.3. ТРЕТА СЕДНИЦА НА ЛМС НА ОГ

Третата седница ЛСМ на ОГ ја одржа на 11.11.2022 година. На оваа седница, ЛМС ја усвои Програмата за работа во 2023 година, со заклучок до 15 ноември, 2023 година, согласно предвидениот рок во Деловникот за работа на ЛМС на ОГ, да ја достави како Предлог за усвојување до Советот на Општина Гевгелија.

### 2.4. ЧЕТВРТА СЕДНИЦА НА ЛМС НА ОГ

ЛМС на ОГ ја одржа својата четврта седница на 23.12.2022 година. На оваа седница, членовите одлучија согласно Деловникот за работа на ЛМС на ОГ во соработка со службеникот за млади да се подготви Извештај за работа на ЛМС на ОГ, и по неговото усвојување на наредната седница, истиот да се достави до Советот на Општина Гевгелија. По усвојувањето од страна на Советот на ОГ, службеникот за млади да го достави и до Агенцијата за млади и спорт.

## 3. УЧЕСТВО НА СЕМИНАРИ И КОНФЕРЕНЦИИ НАМЕНЕТИ ЗА МЛАДИ

Во периодот од конституирање на ЛМС на ОГ до крајот на 2022 година, претставници на ЛМС на ОГ на покана од организации за млади на национално ниво за млади учествуваа на вкупно 3 настани.

На покана од Коалиција на младински организации СЕГА, Тијана Ристовска, како претставник на ЛМС на ОГ, учествуваше на Национална работилница за креирање на Позициски документ со препораки за унапредување на младинското учество во процесите на донесување одлуки, во рамки на Проектот „Младите може да бидат слушнати“, поддржан од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност преку Програмата ЕРАЗМУС+. Националната работилница се одржа во периодот од 21 до 23 октомври, во хотел „Амбиент“- Струга.

На покана од Сојуз за младинска работа, а во соработка со Агенција за млади и спорт и Филозофски факултет при УКИМ- Скопје, службеникот за млади во Општина Гевгелија и претседателот на ЛМС на ОГ присуствуваа на состанокот на чинители на тема „Младинските центри и образование за младинските работници во Република Северна Македонија- Развој и предизвици“, на кој се дискутираше за предизвиците на полето на младинската работа, формалните можности за образование на младинските работници и процесот на основање Младински центри во општините. Состанокот беше одржан на 13.12.2022 година, во Салата за состаноци на Филозофски факултет во Скопје.

На покана од Македонско здружение на млади правници (МЗМП), Здружението за одржлив развој и заштита на животна средина „ГОУ ГРИН“, Центарот за климатски промени и Здружението на млади „Креатив“, членовите на ЛМС на ОГ учествуваа на Конференција „Зазеленување на младинско учество и политики“, која се одржа на 20.12.2022 година, во хотел „Хилтон“ во Скопје. Целта на Конференцијата беше активно вклучување на младинските организации и младите за креирање политики за животна средина на локално ниво, како и зајакнување на соработката меѓу младите / младинските организации и локалните самоуправи за унапредување на животната средина и справување со постоечките проблеми, моментална состојба и предизвици.


Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija- Republika North Makedonija
Tel. ++389 34 211 211
e-mail:kabinet@gevgelija.gov.mk
www.gevgelija.gov.mk